СКМ-ЗП-РУ-10/01

Бр: 15 – 860/1
24.9.2025
Скопје

# ПОКАНА

# БИЗНИС-ФОРУМ И БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА–ГРЦИЈА

**Инвестиции и можности за бизнис-соработка**

***6 ноември 2025 | Стопанска комора на Северна Македонија, кат 5, сала 4 | 11:00 – 16:00 часот***

Почитувани,

Во насока на поттикнување и продлабочување на билатералните економски врски меѓу Северна Македонија и Грција, Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Амбасадата на Република Грција, организира **Бизнис-форум и билатерални средби** меѓу бизнис-делегации од двете земји.

Настанот, кој ќе се одржи на **6 ноември 2025 година во просториите на Стопанската комора,** ќе послужи како платформа за поврзување на компаниите од двете земји, за да се запознаат со заедничките можности за соработка и поставување темели за идни деловни потфати.

На настанот ќе бидат присутни компании од следниве сектори:

- Храна и пијалаци
- Фармација и козметика
- Информатичка технологија и комуникации
- Градежништво и градежни материјали
- Медицинска опрема
- Еколошки услуги и енергетика
- Транспорт и логистика.

Програмата на настанот предвидува пленарна сесија со обраќање на претставници од Стопанската комора на Северна Македонија, Атинската стопанска комора, Амбасадата на Р Грција, како и од Асоцијацијата на грчки извозници, кои ќе ги претстават можностите за инвестиции и за соработка.

Настанот нуди можност за вмрежување со B2B-средби меѓу македонски и грчки компании. Работен јазик на настанот е англискиот.

**Учеството на Форумот е бесплатно, но регистрацијата е задолжителна.**

**Во прилог пријавен лист и листа на грчки компании.**

За дополнителни информации ве молиме контактирајте со нас на:

Електронска адреса: sanja@mchamber.mk; телефон за контакт: 02/3244-091 и 071/230-452.